Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

**МФРСМ.Ф.8.5/9-2**



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2020 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме ..... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5

Инфлација ..... 6

Берзански цени ..... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ..... 8

Увоз ..... 10

Салдо на трговска размена ..... 10

Валутна структура ..... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ..... 11

Приходи по буџетски корисници ..... 13

Буџетски расходи според економската класификација ..... 14

Расходи по буџетски корисници ..... 15

Буџетско салдо.. ..... 17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ..... 17

Плати ..... 18

Пензии ..... 19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ..... 20

Депозитен потенцијал ..... 20

Кредити на банките ..... 21

Каматни стапки на депозитни банки ..... 22

Пазар на капитал ..... 22

Девизни резерви ..... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2020 година

- Индустриското производство во април 2020 година забележа пад од 33,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во април 2020 година се намалија за 0,1% во однос на април 2019 година, по растот од 0,5% во март 2020 година;
- Во периодот јануари - април 2020 година извозот забележа пад од 21,6%, а увозот пад од 16,7%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 1,8%, споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - април 2020 година изнесуваа 60.726 милиони денари, односно 9,0% од БДП, што претставува пониско остварување за 4,9% во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – април 2020 година изнесуваа 72.851 милион денари, односно 10,8% од БДП, што е за 7,0% повеќе во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во април 2020 година се зголемија за 5,5% во споредба со април 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,3%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во април 2020 година забележа пад од 33,5% во споредба со истиот месец претходната година, со што неповолните движења како последица на пандемијата на коронавирус предизвикаа двоцифрен пад втор месец по ред. Намалување на производството има во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 40,5% и негативен придонес од 31,0 п.п., Рударство и вадење камен од 17,0% и негативен придонес од 1,9 п.п., како и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,1% и негативен придонес од 0,1 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во април 2020 година бележат само 3 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 5,2% од вкупната индустрија. Тие се: фармацевтската индустрија (раст од 27,3% и придонес од 0,8 п.п.), производството на производи од гума и пластични маси (раст од 5,0% и придонес од 0,1 п.п.) и производството на останата опрема за транспорт (раст од 101,9% и придонес од 0,1 п.п.). Од гранките со повисока додадена вредност, падот кај производството на моторни возила изнесува 71,4% со придонес од -8,8 п.п., кај производството на машини и уреди 88,7% со придонес од -7,9 п.п., а кај производството на електрична опрема 69,6% со придонес од -3,2 п.п.. Од традиционалните гранки, производството на облека забележа пад од 44,7% и придонес од -3,4 п.п., а прехранбената индустрија пад од 4,4% и придонес од -0,4 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Во однос на поделбата по наменски групи, пад на производството е забележан во сите гранки, а најизразен е кај капиталните производи од 70,8% и негативен придонес од 16,3 п.п..

На кумулативна основа, во периодот јануари - април 2020 година е забележан пад од 11,2%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 12,1% и придонес од -9,3 п.п., Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,5% и придонес од -1,4 п.п., и Рударство и вадење камен од 3,7% и придонес од -0,4 п.п.. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има производството на производи од гума и пластични маси од 0,5 п.п. при раст од 24,5%.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2020 година)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2020 година)*




Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици, пад во првите четири месеци од 2020 година бележат сите гранки, а падот е највисок кај групите Капитални производи од 21,1% и придонес од -4,9 п.п. и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 8,0% и придонес од -2,5 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во април 2020 година е намален за 5,1%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 5,5%, Рударство и вадење камен од 1,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,6%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај сите групи, а тоа е најизразено кај трајните производи за широка потрошувачка од 9,2%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - април 2020 година бележи пад од 4,0%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија од 4,3%, Рударство и вадење камен од 1,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите четири месеци од 2020 година е зголемен единствено кај групата Капитални производи за 0,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во април 2020 година е понеповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на април 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во април изнесува 67,0%, што претставува пад во однос на март 2020 година, кога изнесувало 67,3%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 2,5 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во април имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 18,8%, недостигот на квалификувана работна сила со 18,3%, неизвесното економско окружување со 15,9%, недоволната домашна побарувачка со 12,9%, недостигот на суровини со 8,8% и финансиските проблеми со 7,9%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во април 2020 година во однос на март 2020 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се исто така поповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Ефектите од пандемијата на коронавирусот се забележуваат и кај градежниот сектор. Во април 2020 година издадени се вкупно 173 одобренија за градење и споредено со истиот месец од 2019 година бројот на издадени одобренија за градење бележи пад од 27,9%. Во однос на март 2020 година, бројот на издадени одобренија за градење се намали за 21,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април 2020 година на

годишна основа опадна за 31,1%, а споредено со претходниот месец бележи раст од 34,0%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 92 (или 53,2%) се наменети за објекти од високоградба, 18 (или 10,4%) за објекти од нискоградба и 63 (или 36,4%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(април 2020)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 173 издадени одобренија за градба, на 93 објекти (или 53,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 80 објекти (или 46,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во април 2020 година предвидена е изградба на 835 станови, со вкупна корисна површина од 62.697 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е зголемен 3,7 пати, а споредено со април 2019 година бележи двократно зголемување.

## Инфлација

Потрошувачките цени во април 2020 година се намалија за 0,1% во однос на април 2019 година, по растот од 0,5% во март 2020 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – април 2020 година изнесува 0,4%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP (*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Во април 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,3% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во април 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,6% следен со порастот на цените во категориите: Разновидни стоки и услуги од 2,7%, Ресторани и хотели од 1,3%, Рекреација и култура од 0,7% и Здравствена заштита од 0,4%. Категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование регистрираа раст од по 0,2%.

Годишен пад на цените во април 2020 година е регистриран во категориите: Транспорт од 12,0%, Облека и обувки од 0,9% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Комуникации од по 0,2%.

Потрошувачките цени во април 2020 година се зголемија за 0,1% во однос на претходниот месец. Најголем пораст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите Храна и безалкохолни пијалаци од 1,5%, Мебел, покуќнина, и одржување на покуќнина од 0,7%, Облека и обувки од 0,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,2% и Комуникации од 0,1%. Најголемо месечно намалување на цените е регистрирано во категорирјата Транспорт од 6,2%. Пад на цените на месечно ниво е забележан и во категориите: Рекреација и култура од 0,6%, Здравје од 0,2% и Разновидни стоки од услуги од 0,1%. Цените во останатите категории останаа непроменети.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Цените на мало во април 2020 година во однос на истиот месец претходната година се намалија за 1,3%, а на месечна основа регистрираа пад од 0,5%.

## Берзански цени

Неповолното влијание на пандемијата на коронавирусот во светот се одразува врз цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи, како и врз цените на примарните метални производи. Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во април 2020 година во однос на претходниот месец бележи пад од 29,2% и изнесува 23,3 долари за барел. Споредено со април 2019 година, цената на нафтата се намали за 67,2%. Цената на природниот гас во април на месечна основа опадна за 8,7%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во април 2020 година се тргуваше со просечна цена од 11.804 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на март 2020 година бележи намалување на цената од 0,4%. На годишна основа, цената на никелот бележи пад од 7,6%. Покрај никелот, намалување на цената во април споредено со претходниот месец забележаа и останатите основни метали, освен

цинкот, чијашто цена остана непроменета. Така, цената на алуминиумот се намали за 9,4%, на оловото за 4,4%, на бакарот за 2,4% и на калајот за 2,2%. Во април 2020 година, железната руда бележи пад на цената од 4,8% на месечно ниво.

Во однос на благородните метали, цените на златото и среброто во април споредено со март 2020 година се зголемија за 5,7% и 1,2%, соодветно, додека цената на платината е намалена за 0,7%.

Цената на пченката на светските берзи во април 2020 година на месечно ниво се намали за 9,5%, а цената на пченицата се зголеми за 4,7%.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите четири месеци од 2020 година изнесува 3.911,1 милион евра и бележи пад од 18,8% во однос на истиот период минатата година. Падот на надворешнотрговската размена се должи на пандемијата предизвикана од коронавирусот, којашто на почетокот на годината започна во Кина и се пренесе во голем број земји во Европа и во светот.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - април 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,3 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 60,7%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - април 2020 година изнесува 1.619,0 милиони евра и бележи пад од 21,6% (447,0 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 21,2%.

[1]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Вредноста на извезените стоки во април 2020 година изнесува 211,3 милиони евра и бележи пад од 60,3% (320,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 38,7%.

Анализирано на месечно ниво, во април 2020 година извозот бележи пад од 51,0% (219,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 47,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,7п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - април 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,5% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - април 2020 година споредено со истиот период од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 24,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 14,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 77,7% и 11,2%, соодветно.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - април 2020 година изнесува 2.292,1 милион евра и бележи пад од 16,7% (459,1 милион евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 1,9%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во април 2020 година изнесува 373,5 милиони евра, што претставува пад од 50,9% (387,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2019 година, а увезените количини стоки се намалени за 10,3%.

Анализирано на месечно ниво, во април 2020 година увозот бележи пад од 38,5% (234,0 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 37,1%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,4п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2019 | I-IV-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 13,6 | 16,7 | 3,1 | 22,9 |
| Мил. ЕУР | 451,8 | 286,5 | -165,3 | -36,6 |
| Мил.$ | 511,3 | 316,1 | -195,3 | -38,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2019 | I-IV-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 11,6 | 10,0 | -1,6 | -13,7 |
| Мил. ЕУР | 74,0 | 59,4 | -14,6 | -19,8 |
| Мил.$ | 83,8 | 65,4 | -18,4 | -22,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2019 | I-IV-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 268,8 | 242,3 | -26,5 | -9,9 |
| Мил. ЕУР | 195,4 | 179,8 | -15,6 | -8,0 |
| Мил.$ | 220,9 | 197,7 | -23,3 | -10,5 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2019 | I-IV-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 317,3 | 247,6 | -69,7 | -22,0 |
| Мил. ЕУР | 161,8 | 114,8 | -47,0 | -29,0 |
| Мил.$ | 183,0 | 126,2 | -56,9 | -31,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2019 | I-IV-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 25,8 | 17,0 | -8,8 | -34,0 |
| Мил. ЕУР | 315,4 | 236,0 | -79,5 | -25,2 |
| Мил.$ | 356,9 | 260,2 | -96,8 | -27,1 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2019 | I-IV-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 21,1 | 18,0 | -3,1 | -14,8 |
| Мил. ЕУР | 239,2 | 202,1 | -37,0 | -15,5 |
| Мил.$ | 270,8 | 222,6 | -48,2 | -17,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - април 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 1,8% односно 12,1 милион евра споредено со истиот период минатата година. Во април 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 29,1% односно 66,7 милиони евра споредено со април 2019 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - април 2020 година, 91,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Србија, Грција и Турција, а потоа следуваат: САД, Италија, Јужна Африка, Русија, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Холандија и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 86,4% од трговската размена во периодот јануари-април 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува зголемување за 1,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,4% и 82,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,4 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 3,6 п.п. во однос на периодот јануари - април 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - IV - 2019 | | | | | I - IV - 2020 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 1.486,3 | 2.183.382.650 | 61,5187 | 134.318.862.245 | 79,4 | 1.377,7 | 1.900.762.767 | 61,6334 | 117.150.471.913 | 82,9 | -282.619.883 | -12,9 |
| УСД | 717,5 | 613.401.528 | 54,3113 | 33.314.634.431 | 19,7 | 785,4 | 405.784.494 | 56,1046 | 22.766.376.738 | 16,1 | -207.617.034 | -33,8 |
| ГБП | 1,4 | 7.366.775 | 70,6889 | 520.749.257 | 0,3 | 1,2 | 6.232.460 | 71,3287 | 444.553.266 | 0,3 | -1.134.316 | -15,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.205,1 | | | 168.154.245.933 | 99,0 | 2.164,3 | | | 140.361.401.916 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 2.211,2 | | | 169.245.565.191 | 100,0 | 2.168,3 | | | 141.252.880.452 | 100,0 | | -16,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - април 2020 година изнесуваа 60.726 милиони денари, односно 9,0% од БДП, што претставува пониско остварување за 4,9% во однос на истиот период од 2019 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Даночните приходи се реализирани во износ од 33.401 милион денари и во однос на истиот период од 2019 година се намалени за 9,1%, што ја осликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 14.495 милиони денари, што претставува намалување од 14,6% во однос на периодот јануари - април 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 43,4%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 23.587 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 9.092 милиона денари (бруто-наплатата е пониска за 4,7%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 16,9% споредено со јануари - април 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува пониско остварување за 8,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 2,6%.

Акцизите се остварени во износ од 6.448 милиони денари (учество од 19,3% во даночните приходи), што претставува намалување од 10,2% во споредба со истиот период од 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 20.943 милиони денари, што претставува 62,7% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - април 2020 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 5.793 милиони денари и бележат раст од 2,8% на годишна основа, при што 67,9% од приходите се од плата и други лични примања, 7,3% од приходи од капитал, 6,5% од приходи по основ на договор на дело, 5,5% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 12,8% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 4.383 милиони денари и забележаа помало остварување за 9,0% во однос на истиот период претходната година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 1,4%, намалување од 38,4% се забележува кај даночните биланси, додека данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен повеќе од 3 пати.

Приходите од царина се остварени во износ од 2.102 милиона денари и забележаа зголемување од 7,2%. Приходите од други даноци со остварен износ од 180 милиони денари забележаа зголемено остварување за 5,9% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 21.305 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9,2% споредено со истиот период од 2019 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување

е повисока за 9,8%, кај придонесите за здравствено осигурување за 8,1% и кај придонесите за вработување за 7,3%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 4.292 милиона денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 20,3% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се оствариjа во износ од 453 милиони денари, што е зголемување од 56,2% во однос на периодот јануари - април минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариjа во износ од 921 милион денари и се намалени за 37,6% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[3] и во периодот јануари - април 2020 година изнесуваат 53.954 милиони денари, односно 93,1% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 27,6% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 61,2% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во првите четири месеци од 2020 година изнесува 31,3% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 17.850 милиони денари, што претставува 33,1% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата *(јануари - април 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 989 милиони денари, односно 1,7% од приходите и приливот на

[3] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (77,9%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 491 милион денари, што претставува 0,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на задолжување во странство изнесува 317 милиони денари и претставува 64,6% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,4% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - април 2020 година оствари приходи во износ од 24.874 милиони денари, што претставува 32,2% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 10.997 милиони денари, односно 31,7% од неговиот годишен план. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија оствари приходи во висина од 913 милиони денари, што претставува 26,1% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – април 2020 година изнесуваа 72.851 милион денари, односно 10,8% од БДП, што е за 7,0% повеќе во однос на истиот период од 2019 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 69.753 милиони денари учествуваа со 95,7% и се зголемени за 6,5% во однос на истиот период од 2019 година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 9.830 милиони денари што претставува зголемување за 9,2% во однос на периодот јануари - април претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 4.552 милиона денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 12,6%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 53.224 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема

реализација за 8,4% споредено со истиот период минатата година и истите учествуваа со 73,1% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 37.337 милиони денари, забележаа зголемување од 5,8% и учествуваа со 51,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 22.808 милиони денари, што е зголемување за 5,5% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 31,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 20,8%, односно се зголемија за 13,2% и се реализирани во износ од 15.133 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 6.293 милиони денари забележаа зголемување од 14,5% во споредба со периодот јануари - април претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 8.058 милиони денари што е за 13,4% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 2.147 милиони денари, што е за 2,2% помалку во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 0,3%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 3,5%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 3.098 милиони денари со структурно учество од 4,3% во вкупните расходи, при што забележаа повисока реализација за 21,3% во споредба со периодот јануари - април 2019 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чијшто вкупен годишен буџет изнесува 86,1% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари - април 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 16.135 милиони денари, што претставува 28,1% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 76,0% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 12.256 милиони денари, односно 29,2% од средствата планирани за оваа намена во 2020 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 13,4% од вкупните расходи, за што се реализирани 2.155 милиони денари или 26,0% од планираното.

[4] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Министерството за труд и социјална политика во првите четири месеци од 2020 година реализираше 15.825 милиони денари или 30,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,3%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 10.962 милиона денари или 30,8% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 22,3% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 32,5% (3.534 милиони денари) од планираните за 2020 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - април 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - април 2020 година изврши буџетски средства во износ од 7.858 милиони денари, што е 30,1% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (68,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5.346 милиони денари или 33,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,5%, за што се потрошени 1.222 милиона денари, односно 32,4% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 3.568 милиони денари, што претставува 31,3% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 74,0%, за што се потрошени 2.641 милион денари или 32,7% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 18,2%, за што се реализирани 649 милиони денари или 32,5% од годишниот план.

Министерството за одбрана во првите четири месеци од 2020 година изврши буџетски средства во износ од 2.210 милиони денари, што е 25,9% од вкупниот буџет за 2020 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 61,0%, за што се реализирани 1.348 милиони денари и претставува 33,0% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 21,7% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 478 милиони денари, односно 20,7% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - април 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 2.104 милиони денари, што е 26,9% од вкупниот буџет за 2020 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 48,5%, за што се потрошени 1.020 милиони денари или 28,0% од средствата наменети за тековната година.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 5.869 милиони денари, што претставува 78,7% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со 92,0% во вкупните расходи, реализирани се 85,3% од планираните средства или 5.401 милион денари.

Владата на Република Северна Македонија реализираше 922 милиона денари, односно 7,5% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите беа реализирани во износ од 698 милиони денари (6,2%) и учествуваа со 75,7% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари - април реализираше средства во износ од 793 милиони денари, што е 16,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 14,6% од предвиденото (576 милиони денари), а учествуваат со 72,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 20,5% и за оваа намена извршени се средства во износ од 162 милиона денари, односно 29,9% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – април 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 12.125 милиони денари, што претставува 1,80% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е речиси идентичен, односно остварен е во износ од 12.048 милиони денари и претставува 1,79% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари - април 2020 година во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 59.026 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е понизок за 8,8% во однос на април 2019 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени 45,6% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на

определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во април 2020 година, 24,6% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во април 2020 година изнесува 200.236, од кои 114.762 се активни баратели на работа, а 85.474 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 4,5%.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (63,8%) се градско население, а според половата структура 51,1% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 63,9% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 25,8% се со завршено средно образование, додека 10,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,7% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 52,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 5,7% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во март 2020 година оствари годишен раст од 7,4%, а во однос на претходниот месец е пониска за 2,9%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Образование (12,2%), Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (11,2%) и Преработувачка индустрија (9,8%). Реалните плати во март забележаа годишен раст од 6,9%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во март 2020 година оствари годишен раст од 8,1%, а во однос на претходниот месец е пониска за 2,8%.

Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Образование (13,3%), Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (11,5%), и Преработувачка индустрија (10,6%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 7,5%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во април 2020 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 322.778 пензионери, што претставува зголемување од 2,0% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е понизок за 909 лица. Од вкупниот број пензионери, 66,3% се корисници на старосна пензија, 23,3% се корисници на семејна пензија и 10,4% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во април 2020 година изнесува 15.491 денар и е за 7,0% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,0%.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во април изнесува 16.721 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 14.137 денари, а просечната семејна пензија 12.597 денари. За исплата на пензиите во април 2020 година се потрошени 4.834 милиони денари, што претставува 50,2% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во април 2020 година, на вонредна седница одржана на 16.03.2020 година, Народната банка ја намали основната каматна стапка за 0,25 п.п, односно од 2,0% на 1,75%. Ова е второ намалување на каматната стапка оваа година, по

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

намалувањето во јануари во услови на високи девизни резерви и ниски инфлациски движења.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити ( април 2020 година)




Извор: НБРСМ.

Дополнителното намалување на основната каматна стапка произлегува од присутните глобални ризици и извесните негативни ефекти врз економијата од надворешното окружување, како и од мерките за ограничување на ризиците од ширењето на вирусната инфекција Ковид-19. Целта на ова второ намалување е да придонесе за намалување на цената на финансирање преку кредити на банките, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија, особено врз ликвидноста на корпоративниот сектор.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во април 2020 година, примарните пари[6] регистрираа пад од 1,9%, споредено со април 2019 година. Ваквиот пад на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 21,2%, додека готовите пари во оптек регистрираа раст од 18,0%. На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 12,7%, што е резултат на падот на вкупните ликвидни средства на банките за 30,2%, а готовите пари во оптек регистрираа раст од 5,5%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во април 2020 година останаа непроменети на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 1,8%, а депозитите на домаќинствата регистрираа зголемување од 0,6%.

---

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на валутата, во април 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за 0,6%, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 1,0%.

Вкупниот депозитен потенцијал во април 2020 година оствари раст од 6,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 7,3% и 4,7%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 7,5% и 7,8%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,1%, а долгорочните депозити за 1,2%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,1%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (април 2020 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **409.260** | **0,0%** | **6,3%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *245.812* | *-0,6%* | *7,3%* |
| *Странска валута* | *163.448* | *1,0%* | *4,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *173.243* | *0,9%* | *3,1%* |
| *Долгорочни* | *107.916* | *-0,9%* | *1,2%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **344.508** | **0,2%** | **5,5%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *200.780* | *-0,1%* | *3,4%* |
| *Странска валута* | *143.728* | *0,8%* | *8,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *58.590* | *-2,0%* | *-3,5%,* |
| *Долгорочни* | *266.886* | *0,8%* | *8,6%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *16.014* | *-3,6%* | *-4,8%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во април 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор регистрираа раст од 0,2% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,6%, додека

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

кредитите кон домаќинствата регистрираа пад од 0,1%. Од аспект на валутата, во април 2020 година, на месечно ниво денарските кредити се намалија за 0,1%, а девизните кредити овој месец се зголемија за 0,8%.

На годишна основа, во април 2020 година вкупните кредити се зголемија за 5,5%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,4% и раст на кредитите кон претпријатијата од 2,0%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 3,4%, а кредитите во странска валута за 8,7%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,6%, а краткорочните кредити се намалија за 3,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,86%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п и изнесува 5,29%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 4,35%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во април 2020 година изнесува 1,11% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 1,53%, а каматната стапка на девизните депозити на месечно ниво остана непроменета и изнесува 0,63%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во април 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 72,9% на месечно ниво како резултат на падот на прометот од класичното тргување за 56,1% и пад на прометот од блок трансакциите од 97,7%.

Вкупниот промет на берзата во април 2020 година изнесуваше 755,5 милиони денари и истиот е зголемен за 64,6% на годишно ниво.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на април 2020 година изнесуваше 4.463,98 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 23,2%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 23,9%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на април 2020 година изнесуваа 3.159,62 милиона евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 4,7%, а во однос на април 2019 година за 9,9%.


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0